Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 192/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Габриел Мишевски за Vestimk.mk, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

Текстот со наслов „Македонците се единствен народ кој дозволува славење на окупаторот“, објавен на интернет порталот Vestimk.mk, на 17.07.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 19 јули 2023 година, Габриел Мишевски поднесе жалба за текстот со наслов: „*Македонците се единствен народ кој дозволува славење на окупаторот*“, објавен на интернет порталот Vestimk.mk на 17.07.2023 година.

Во жалбата се наведува дека во оспорената содржина има елементи на прекршувања по следниве основи: неточно и нефер известување, говор на омраза и мешање на факти и мислење, вест и коментар.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Vestimk.mk да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Но, одговор не беше добиен.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е основана и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за текст на кој не може да му се одреди новинарскиот жанр. Медиумот има рубрика *Колумни*, но текстот е објавен во рубриката *Македонија*, иако станува збор за нечиј став. Беше констатирано дека станува збор за текст преземен од блогот „Револуционерот“, во кој авторот на текстот навраќа кон поблиското и подалечното минато. Настан од 2017 година сега се актуелизира, а повод е нешто што се случило во 1915 година.

Медиумот целосно некритички го преземал овој текст и притоа воопшто не ги проверил информациите изнесени во него. Практиката на преземање туѓи текстови што често ја применуваат некои онлајн медиуми (наречена копи-пејст новинарство), не ги ослободува од

одговорноста за содржината изнесена во нив и претставува прекршување на основното новинарско начело за сеопфатно и балансирано претставување на различните гледишта за темата на која се однесува текстот.

Оттука и ставот на Комисијата дека е нарушен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија и одредбите од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

*Член 1*
*Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

*1.6. При користењето информации добиени од социјалните мрежи, од веб-страници, блогови или други извори на интернет, онлајн медиумите внимателно ќе ја проверат нивната веродостојност и кредибилност.*

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595